# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 22.11.2021 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 15 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање субвенции на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2021 година бр. 0801 –1237 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22. 11. 2021 година.

**Бр.0901- 1240**
**22. 11. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02),и член 38 од Законот за Јавни претпријатија (“Службен Весник на РМ”бр.38/96,9/97,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15,39/16,64/18 и 35/19 и( “Службен весник на РСМакедонија” бр.275/19),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22. 11. 2021 год.

**О Д Л У К А**

**За давање на субвенции на ЈКП Комуналец –Свети Николе за 2021 година**

**Член 1**

**Со оваа одлука Советот на Општина Свети Николе дава согласност да се дадат субвенции во износ од 2.000.000,00 (два милиони денари)на ЈКП Комуналец- Свети Николе**

**Член 2**

**Средствата од член 1 од оваа одлука ќе се користат за финансиска подршка на ЈКП Комуналец-Свети Николе за нивно непречено функционирање и извршување на работните задачи кои се во нивна надлежност и во надлежност на Општина Свети Николе.**

**Член 3**

**Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Свети Николе за 2021 година во Програма Ј1-Снабдување со вода, ставка 461, потставка 461130 (субвенции за јавни комунални претпријатија).**

**Член 4**

**Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во" Службен гласник на Општина Свети Николе".**

**Бр.0801- 1237** **Совет на Општина Свети Николе**
**22.11. 2021 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на одлуката за домашно долгорочно задолжување во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2); бр. 0801 – 1238 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22. 11. 2021 година.

**Бр.0901- 1240/2** **Општина Свети Николе**
**22. 11. 2021 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 член 20 од Законот за локална самоуправа „(Службен весник на РМ„ бр.5/2002) и член 8 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ бр.03/21), а во врска со челн 20 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ„бр.61/04,96/04,67/7, 156/09,47/11и 192/15) и член 16 од Законот за јавен долг „(Службен весник на РМ„ бр.62/05,88/08 и 139/14), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.11.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на одлуката за домашно долгорочно задолжување во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на чл.1 од Одлуката **за** домашно долгорочно задолжување во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2) бр.0801-1008 од 29.01.2021 година , Член 1 се менува и гласи како што следи:

„Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на општина Свети Николе кое е остварено преку потпишување на Договор за под заем со Министерство за финансии во рамки на средствата обезбедени врз основа на договорот за заем за Вториот проект за подобрување на општинските услуги (ИБРД-8156МК) финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој- Светска Банка во висина од **43.032.4080,00 денари**, од кои за реализација на проектот **„Изградба на улица Рајко Жинзифов и крак од улица Јури Гагарин со технички број 0308-64-508/1/2019 и "Изградба на улица Миле Поп Јорданов, крак од улица Војдан Чернодрински, крак од улица Киро Глигоров, крак од улица Сирма Војвода и крак од улица 11-ти Октомври"** со технички број 0308-64-508/3/2019 **се предвидени 21.027.418,оо ден, а остатокот 22.004.990,00 денари** ќе бидат наменети и искористени за **„Изградба на улици во м.в. Лозов Расадник, Општина Свети Николе со Технички број: 03-05/2020 улица Александар Серафимов, улица Димитар Влахов, улица Нада Ицева"**, според цени за позиции постигнати на јавна набавка со економски оператор за изградба на улица Рајко Жинзифов и крак од улица Јури Гагарин, улица Миле Поп Јорданов, крак од улица Војдан чернодрински, крак од улица Киро Глигоров, крак од улица Сирма Војвода и крак од улица 11-ти Октомври.

**Член 2**

Останатите одредби од Одлуката останувaат исти.

**Член 3**

Со стапувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.0801-1067 од 12.03.2021 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на општина Свети Николе".

**бр.0801-1238**

**Совет на Општина Свети Николе**

**22.11.2021**

**Претседател**

**Свети Николе**

**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за искористување на грант средства бр. 0801 –1239 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 22. 11. 2021 година.

**Бр.0901- 1240/3**
**22. 11. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 22.11. 2021 донесе

**О Д Л У К А**

**за искористување на грант средства**

Член 1

Советот на Општина Свети Николе дава согласност грант средствата во износ од 5.677.403,00 денари од Договорот за под-заем бр.37 во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги потпишан помеѓу Општина Свети Николе и Министерството за финансии на 05.05.2021 година да се искористат за изградба на систем за водоснабдување во населено место Орел.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801- 1239**
**22.11. 2021 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за давање субвенции на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2021 година
2.Одлука за измена и дополнување на одлуката за домашно долгорочно задолжување во рамки на вториот Проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2)
3.Одлука за искористување на грант средства

**Бр.0801- 1241**
**22.11. 2021 година**
**Свети Николе**